**Вечерва, голем концерт на нашиот Марјан Коцев во МОБ**

Напишано од Unevski
Четврток, 29 Март 2018 00:01




Се е подготвено за спектакуларниот концерт на една од најголемите македонски фолк ѕвезди, нашиот Марјан Коцев, кој, вечерва, четврток, 29 март, во салата на Македонската опера и балет ќе ги отпее „Сите мои песни“.

Концертот „Сите мои песни“ е со сосема поинаков концепт од оној од пред четири години, кога Коцев одбележа 20 години на македонската музичка сцена, и ќе донесе нешто повеќе од 2 часа вистинско уживање во песните на Коцев, но и на неговите гости, Анета Мицевска од групата Молика и оркестарот Дрим Тим кој ќе го придружува во текот на целиот концерт.

Организатор на концертот е „Роса продукција“, а уште еден повод за истиот е прославата на 25 години од радио „Роса“.

Почетокот на концертот е во 20 часот, а оние малку карти кои останаа во продажба може да се купат преку продажната мрежа на купи карти за се по цена од само 300 денари.


Концерт на
МАРЈАН КОЦЕВ
Сите мои песни ...
29 МАРТ 2018
пратечки оркестар
Дрим тим
специјален гостин
Анеша Мицевска
Молика